Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# КОДЕКС

## НА ЕТИКА НА ДАНОЧНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

*Јавен над приватен интерес*
*Транспарентност*
*Политичка неутралност*
*Независност*
*Непристрасност*
*Професионалност*
*Тајност на податоци*

**„ПРОФЕСИОНАЛНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА"**

Градиме институција која ја ужива довербата на нашите клиенти, даночните обврзници и јавноста, домашна и меѓународна.

Напредокот бара отворен ум за нови идеи и размислувања. Наша цел е да градиме транспарентна јавна управа со квалификувани и професионални даночни службеници на сите нивоа.

Односот помеѓу етичкото однесување на даночните службеници во Управата за јавни приходи и целта да се постигне високо ниво на доброволна усогласеност со даночните прописи е од клучна важност за градење на јавниот имиџ на институцијата.

Јавноста има исклучително високи очекувања за вработените во УЈП, а степенот до кој граѓаните се убедени дека вработените во УЈП ги почитуваат строгите правила на етичкото однесување има директно влијание врз "доброволното усогласување со даночните прописи".

Значењето на однесувањето на вработените на работното место и во секојдневната комуникација со јавноста ја наметнува потребата од воспоставување на систем и кодифицирање на етички принципи на однесување на даночната администрација.

Целта на донесување на овој Кодекс е обезбедување на строго почитување на усвоените принципи, законитоста, професионалниот интегритет, ефикасност и лојалност во вршењето на службените задачи.

Со Етичкиот Кодекс на УЈП треба да се запознае секој вработен и при извршувањето на работните задачи строго да се придржува до усвоените правила на однесување. Кодексот треба да биде водич на секој даночен службеник за начинот на однесување во вршењето на доверените службени, истовремено овозможувајќи му да дознае што се бара од него, како да се однесува во ситуации за кој има дилема, како да постапи и која е неговата одговорност.

Директор
Горан Трајковски

## ОСНОВНИ ЕТИЧКИ ПРИНЦИПИ

### Што содржи етичкиот кодекс?

► Етичкиот кодекс содржи правила на однесување на даночните службеници и е многу важен инструмент за зајакнување и обезбедување професионална државна служба. Со него се пропишуваат стандардите на однесување на вработените и се даваат насоки и упатства за решавање на нивните етички прашања и дилеми.

► Етичкиот кодекс на даночните службеници ги содржи следните принципи:

- ✓ Јавен над приватен интерес
- ✓ Однесување кон даночните обврзници
- ✓ Транспарентност
- ✓ Политичка неутралност
- ✓ Независност
- ✓ Непристрасност
- ✓ Стручност и професионалност
- ✓ Однесување на работно место
- ✓ Однесување кон вработените
- ✓ Недозволени активности
- ✓ Користење и заштита на владина сопственост
- ✓ Тајност на податоци
- ✓ Заштита на јавното добро и интерес
- ✓ Судир (конфликт) на интереси
- ✓ Надворешно ангажирање
- ✓ Подароци и услуги
- ✓ Злоупотреба на службената положба и овластување
- ✓ Пријавување на погрешно однесување и недозволени активности

## ЈАВЕН НАД ПРИВАТЕН ИНТЕРЕС

### Што претставува јавен над приватен интерес?

► Наплатата на даноците е работа од јавен интерес која бара од даночните службеници да ја изразат својата лојалност кон Уставот, законите и етичките принципи. Јавниот интерес секогаш треба да биде над приватниот интерес на вработените во УЈП.

► Вработениот е граѓанин во служба на јавноста, помага да се остварат начелата на законитост и начелата на заштита на јавнот интерес. Вршењето на јавните овластувања како правило е јавна активност, а даночниот службеник е тој кој секогаш треба да донесе непристрасни одлуки кои се во јавен интерес.

## ОДНЕСУВАЊЕ КОН ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ

### Како треба да се однесувате кон даночните обврзници?

► Не реагирајте автоматски, сконцентрирајте се на потребите на другите. Не дозволувајте разговорот кој го водите да се претвори во спор. Даночниот обвразник треба да почувствува задоволство дека кон него се постапило со внимание, дека бил ислушан и дека на неговите потреби е одговорено.

### Каков однос треба да воспоставиме со даночните обврзници?

► Вработениот е должен кон секој даночен обврзник да воспостави релации на љубезност, искреност и пристојност, да покаже заинтересираност и трпение (посебно кон неука странка), да ја поучи и да и ја даде соодветната помош, со посебно внимание кон лицата со инвалидитет и кон лица со посебни потреби.

► Даночниот службеник е должен да се раководи по начелото на еднаквост и да обезбеди фер третман и услуги на даночните обврзници, без да дава привилегија по основ на етничка припадност, политички ставови, националност или според други карактеристики.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Што се подразбира под транспарентност?

> ***Транспарентност значи обезбедување јавност и воспоставување практика на информирање и отворена комуникација за работењето и функционирањето на Управата за јавни приходи.***

► Вработениот во согласност со закон и прописите на Управата за јавни приходи, по барање на даночните обврзници, должен е информациите да ги направи достапни, да ги дава навремено, коректно и точно освен одредени информации кои претставуваат деловна тајна.

## ПОЛИТИЧКА НЕУТРАЛНОСТ

Што се подразбира под политичка неутралност?

> ***Политичка неутралност подразбира делување исклучиво на основа на околностите на случајот, а традицијата на политичка непристрасност на институцијата значи делување на начин кој не е одреден од ставовите на ниту една политичка партија.***

► Вработенот работи според политиката на органот во кој е вработен. Своите службени должности и задачи ги извршува совесно, ефикасно, на начин кој е политички неутрален и притоа избегнувајќи политички конфликт.

► Вработенот пред другите вработени во органот нема да ја истакнува припадноста кон одредена политичка партија и нема да врши влијание врз другите да се приклонат кон истата.

► Даночниот службеник нема да ја испитува политичката припадност на даночниот обврзник и нема да ветува напредување во кариерата на вработените во УЈП.

## НЕЗАВИСНОСТ

Што се подразбира под независност?

***Независност подразбира самостојно одлучување и извршување на службените задачи, воздржување и отфрлање на секакви влијанија, неподлегнување на притисоци, интервенции, закани или индиректно мешање во работата на државниот службеник што би ја довеле во прашање законитоста и објективноста во вршење на службените должности.***

► Вработениот при вршење на службените должности од негова надлежност, одлучува самостојно и независно земајќи ги во предвид само правно релевантните факти и дејствувајќи без непотребно доцнење и без притисок.

## НЕПРИСТРАСНОСТ

► Вработениот при извршување на службените задачи и решавање на правата, должностите и интересите на граѓаните, нема да донесува одлуки врз основа на погрешна и неоправдана лична оценка за постоечката состојба со цел да оствари лична корист.

► Доколку инволвираноста на вработениот е под знак прашање, тогаш треба да се откаже од учество во таа работа со цел да се избегне очигледниот недостаток на непристрасност во извршување на службените задачи.

► Доколку даночниот службеник е запознаен со фактите и ја стави под знак прашање неговата непристрасност, во тој случај треба да одбие да учествува во разгледување на тоа прашање.

► Вработениот треба да се однесува на начин со кој јавната доверба преку непристрасна и ефикасна работа на државниот орган ќе биде зачувана и унапредена.

## СТРУЧНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

Што се подразбира под стручност и професионалност?

***Стручност подразбира поседување на внатрешен потенцијал и умеење истиот да се вложи во исполнување на работните задолженија.***

***Професионалност подразбира редовно да се следи и применува она што го нуди секојдневната практика.***

► Вработениот е должен да ги исполнува службените задачи стручно, стекнатото знаење да го применува и пренесува во извршувањето на службените задачи со што ќе придонесе за зацврстување и унапредување на функциите на Управата за јавни приходи.

## ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО

Како треба да се однесувам на работното место?

► Вработениот работите ги планира, закажува и работните задолженија ги врши правично и одговорно во предвидениот рок. Извршувањето на работните обврски непотребно и без причина не треба да се одложуваат, ниту пак да се доверуваат на друг вработен наместо него да носи одлуки кои се негова одговорност, истите нема да ги одложува со тенденција за да нанесе штета на некој друг.

► Нема правило за облекување, но независно од стилот на облекувањето, надворешниот изглед сепак има влијание. Никој не е имун на начинот на кој се преставуваме себе си и институцијата во која работиме.

## ОДНЕСУВАЊЕ КОН ВРАБОТЕНИТЕ

Каков однос треба да се воспостави помеѓу вработените?

***Зборовите ги одразуваат мислите. Размислете пред да изговорите или да изреагирате пребрзо со што може да навредите некои од вработените.***

► Вработениот е должен да се однесува на начин кој промовира соработка и добри односи помеѓу вработените, однос и третман кон другите вработени и граѓаните со најголем можен степен на љубезност, разбирање и почитување без никакви предрасуди. Добронамерниот однос кон другите не е услуга, туку можност која се отвара за сите.

## НЕДОЗВОЛЕНИ АКТИВНОСТИ

Што се подразбира под недозволени активности?

► Вработените имаат овластување да спроведуваат постапки и активности кои се во согласност со законските одредби кои ги уредуваат даночните постапки.

► Даночниот службеник не може да извршува било каква друга дејност со која се остварува профит, дејствија кои се во судир со правните и етичките норми без разлика дали се вршат во работното време или надвор од него со што би можело да го наруши интегритетот, работењето или јавната перцепција и доверба во институцијата.

## КОРИСТЕЊЕ И ЗАШТИТА НА ВЛАДИНАТА СОПСТВЕНОСТ

Што спаѓа под владина сопственост и како да постапуваме?

► Вработениот е должен да ги обезбеди сите можни мерки на заштита, безбедност и чување на предметите кои се во владина сопственост и нивно користење само за соодветни и овластени цели.

► Даночниот службеник е должен внимателно да го користи компјутерскиот систем и интернет пристапот, телефоните да ги користи во ограничено, разумно времетраење и зачестеност, службените возила да ги користи исклучиво за овластени цели, да се грижи за документите, податоците и другите информации во врска со службената работа со цел да се спречи предизвикување на материјална штета.

## ТАЈНОСТ НА ПОДАТОЦИ

### Кои информации се сметаат за тајни?

► Информацииите кое се предмет на работењето на вработените се сметаат за даночна тајна, а тоа се сите информации чие давање би предизвикало штетни последици и повреда на доверливоста на даночната постапка.

► На вработениот не му е дозволено неовластено да пристапува до личните податоци или до податоци и информации кои служат за утврдување на идентитот на даночните обврзници. Истите податоци не смеат да бидат менувани, ниту неовластено предадени на јавноста или на трети лица.

## ЗАШТИТА НА ЈАВНОТО ДОБРО И ИНТЕРЕС

### Што претставува јавен интерес?

***Јавен интерес е поширок општествен интерес за општото добро и напредок на сите граѓани и тоа под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла. Јавниот интерес може да биде загрозен со предизвикување штета  од материјална и нематеријална природа поради настанување судир на приватниот со јавниот интерес.***

### Како треба да го користам работното време?

► Вработениот мора да го почитува пропишаното работното време

и паузите, и истите да ги користи за вршење на своите службени должности.

► Вработениот не смее да бара, поттикнува, присилува или насочува од подредените да вршат други активности во работното време, освен активности кои се неопходни за вршење на службени должности или за кои се овластени со закон и други позитивни прописи.

## СУДИР (КОНФЛИКТ) НА ИНТЕРЕСИ

Што претставува судир (конфликт) на интерес?

***Судир на интереси е кога приватниот интерес на вработениот е во спротивност со јавниот или приватниот интерес има влијание врз непристрасноста при вршење на службената дејност или некое друго дејствие.***

***Судир меѓу приватниот и јавниот интерес е кога службеното лице директно или индиректно влијае врз материјалните или нематеријалните интереси на вработениот или врз интересите на членовите од неговото семејство.***

► Работата на Управата за јавни приходи и даночните службеници е исклучиво од јавен интерес. При извршувањето на обврските вработениот треба да делува во рамките на темелните вредности на државната служба, а тоа подразбира јавниот интерес секогаш да биде над личниот интерес на вработениот.

► Вработениот не смее да ја искористува својата службена положба за остварување на личен интерес што е во судир со свесното извршување на службената должност, така што ќе ја избегнува секоја можност за настанување судир на интереси.

## НАДВОРЕШНО АНГАЖИРАЊЕ

Што се подразбира под надворешно ангажирање?

***Надворешно ангажирање подразбира ангажирање надвор од редовното работно време.***

Во кои случаи ми е дозволено надворешно ангажирање?

► На вработениот ќе му биде дозволено надворешно ангажирање само доколку се утврди дека активноста не е во конфликт со службените должности на вработениот или кога активностите се неспоиви со честа, објективноста и достоинството на Управата за јавни приходи, но најпрво со барање на писмено одобрение од директорот со кое ќе се дозволи ангажирање кое не се смета како вработување.

► Вработениот може да биде ангажиран надвор од своето редовно работно време во научно-образовни установи доколку не се доведува во прашање извршувањето на неговите редовни обврски.

Во кои случаи надворешното ангажирање не е дозволено?

► Надворешното ангажирање не е дозволено доколку вработениот не се придржува до етичките стандарди односно надворешната активност ја попречува способноста да ја извршува службената должност или се меша во мисијата на Управата.

## ПОДАРОЦИ И УСЛУГИ

Што се подразбира под подарок?

***Подарок подразбира пари, предмети, права и други услуги без надоместок кои го доведуваат вработениот во подредена или зависна положба во однос на давателот на услуга.***

► Вработениот не смее да побара ниту да прими подарок, награди, надоместок, ветување, услуга или против услуга или некоја друга корист која би можела да делува на конечното решение или да го корумпира неговиот професионален однос.

## ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

Во кои случаи настанува злоупотреба на службената положба и овластување?

► Даночниот службеник не смее несоодветно да го користи работното време, авторитетот, информациите и ресурсите до кои има пристап.

► Вработениот не смее да ја користи својата службена позиција или овластување со тоа што ќе дава привилегии на даночните обврзници за надоместок, а спротивно на независноста, чесноста и професионалното достоинство ќе ги користи за остварување на имотна корист за себе или за некој друг или на друг ќе му причини одредена штета.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОГРЕШНО РАБОТЕЊЕ И НЕДОЗВОЛЕНИ АКТИВНОСТИ НА ДАНОЧНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Како треба да постапите доколку забележите погрешно работење или недозволени активности?

► Вработениот е должен, доколку утврди или има сомнение дека постои приватен интерес од страна на службено лице или постои само сомнение за незаконско или пак противправно работење во службата, да преземе одредени мерки за да се оневозможи остварување на личниот интерес или да го пријави секое вршење на влијание врз него да не постапува според законските одредби и ако од него се бара да не се придржува кон истите.

► Вработениот е должен доколку утврди или има сомнение дека одреден вработен постапува против законски да преземе одредени мерки со тоа што ќе изврши негово пријавување за да се оневозможи остварувањето на недозволените активности.

► Непочитувањето на Етичкиот кодекс на УЈП и несовесното работење на даночните службеници пријавете го во:

Управа за јавни приходи
Генерална дирекција
**Сектор за човечки ресурси**

Адреса: Комплекс банки бб, 1000 Скопје
Тел. 02/3229 545
02/3229 546
Факс 02/3229 538

***Показател дали сме успеале во реализацијата на нашите цели е доколку бројот на негативни поплаки и коментари се сведат на најниско ниво.***

## ПРЕКРШУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

Што следува во случај на прекршување на етичкиот кодекс?

► Вработениот е должен да се придржува и да ги почитува правилата на однесување, а оној кој ќе ја искористи својата службена положба или овластување со нивно прекршување, неизвршување, не постапува законски, нанесува штети или го повредува интересот на работодавачот, ќе сноси последици за нарушување на угледот на службата или својот личен углед поради погрешно постапување со што ќе му бидат одземени или ограничени определени права.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. „Кодексот на етика на даночните службеници„ стапува во сила на денот на неговото донесување, односно од 24 март 2008 година.

2. Имплементацијата на Етичкиот кодекс на Управата за јавни приходи и обуката на вработените ја спроведува и следи Генерална Дирекција - Сектор за човечки ресурси.

3. Секторот за човечки ресурси во Генерална Дирекција на Управата за приходи е одговорен за достава и навремено информирање на Регионалните дирекции и одделенијата во нивни состав, Дирекцијата за големи даночни обврзници со содржината на „Кодексот на етика на даночните службеници„.

**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**
Комплекс банки бб, 1000 Скопје
тел. 02/3229 500; факс 02/3281 010

**2008** - „Кодексот на етика на даночните службеници„ е наменет за некомерцијални цели и пред се за промоција и унапредување на професијата даночен службеник во Република Македонија